Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2024 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2024 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 13.03.2024 година.

08-373/2 Општина Василево
15.03.2024 г. Градоначалник
Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 13.03.2024 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2024 година по точката 1.26 се додаваат три нови точки 1.27 и 1.28 кои гласат:

“1.27 Урбанистички план вон населено место за индустриска зона во КО Доброшинци – вонград, Општина Василево.

1.28 Урбанистички план вон населено место за мултифункционална зона во КО Градошорци - вонград, Општина Василево.”

**Член 2**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2024 точката 2. Финансирање се менува и гласи:

“Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2; 1.12; 1.13; 1.14; 1.15 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево. Средствата за активностите предвидени во точка 1.3; 1.4; 1.5; 1.6; 1.7; 1.8; 1.9; 1.10; 1.11; 1.16; 1.17; 1.18; 1.19; 1.20; 1.21; 1.22; 1.23 ; 1.24; 1.25; 1.26; 1.27 и 1.28 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина

Василево за 2024 година и истите ќе се обезбедат од физички и правни лица кои се подносители на барањето.”

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-373/1 Совет на Општина Василево
15.03.2024 г. претседател
Ристо Делијанов